Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври“
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori“

Бр.-Nr. 01-672/1
10.10. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

**Јавна Установа**

**Детски дом ,,11 Октомври,,- Скопје**

## Јули - Септември

**в.д. Директор**

**м-р Розетка Влаховиќ**

**Скопје, 2025**

**Квартален извештај за активностите на Центар за поддршка на згрижувачки семејства за период од 01.07.2025 -30.09.2025 година**

Бројот на згрижувачки семејства и сместени корисници заклучно со 30.09.2025 година од регионите односно општините за кои е надлежен нашиот Центар за поддршка на згрижувачки семејства при ЈУ Детски дом 11ти Октомври - Скопје е вкупно 179 згрижувачки семејства од кои 116 згрижувачки семејства (општи и специјализирани) и 63 роднински згрижувачки семејства, а бројот на сместени корисници во рамки на згрижувачките семејства заклучно со 30.09.2025 година е вкупно 311 корисници од кои 224 во општи и специјализирани семејства и 87 во рамки на роднинските згрижувачки семејства.

Изминатиот квартал до Центарот за поддршка на згрижувачки семејства беа поднесени вкупно тринаесет (13) нови барања од потенцијални згрижувачки семејства од кои 5 роднински згрижувачки семејства и 8 општи згрижувачки семејства. По превземените активности за проценка на подобноста на потенцијалните згрижувачки семејства, Стручниот тим даде две (2) негативни проценка и тоа за две општи згрижувачки семејства и седум (7) позитивни проценки и тоа четири (4) за општи згрижувачки семејства и три (3) за роднински згрижувачки семејства. Во моментов во тек на проценка се уште четири (4) згрижувачки семејства од кои две роднински и две општи згрижувачки семејства. Сумирано **бројот на нови згрижувачки семејства** во третиот квартал од 2025 година е **седум (7) нови згрижувачки семејства** од кои четири (4) општи згрижувачки семејства, сите од Скопје и три (3) роднински згрижувачки семејства и тоа едно (1) во Штип, едно (1) во Скопје и едно (1) во Делчево/Македонска Каменица.

Во овој период затворени, односно престанок на обавување на згрижувачката функција има кај вкупно 9 згрижувачки семејства и тоа, кај четири (4) роднински згрижувачки семејства од кои две (2) во Тетово, едно (1) во Штип и едно (1) во Крива


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk
e-mail-zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

Паланка. Причината за нивното затворање е во два (2) случаи поради полнолетство на сместените корисници, а во два (2) случаи по даден негативен извештај по повторна проценка на подобноста на семејствата од страна на стручниот тим при Центарот за поддршка на згрижувачки семејства. Во пет (5) случаи имаме престанок на обавување на згрижувачката функција и тоа кај пет (5) општи згрижувачи семејства од кои три (3) во Скопје и две (2) во Куманово. Причината за престанок на функцијата згрижувач во два (2) случаи е поради напуштање на државата(по едно во Скопје и Куманово), во еден (1) случај е по дадена Изјава на згрижувачкото семејство за повлекување од оваа функција од лични причини, во еден (1) случај по даден вонреден Извештај од наша страна за престанок односно неподобност за понатамошно обавување на згрижувачката функција и во еден (1) случај е поради старосната граница.

Од вкупниот број на сместени корисници во третиот квартал има престанок за вкупно дваесет и четири (24) корисника од кои како причини за престанок се следниве: кај седум (7) корисника престанало згрижувањето поради нивно осамостојување по полнолетство, девет (9) корисника се реинтегрирани во билошкото семејство, кај три (3) корисника има промена на формата на згрижување и пет (5) корисници преминаа во згрижувачко семејство надвор од нашиот регион на надлежност.

Стручниот тим од ЦПЗС Скопје и превземаше дејствија и постапуваше по 29 барања за избор (сместување) во згрижувачко семејство, а кои барања се доставени од страна на Центрите за социјална работа од градовите, Скопје, Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Кочани, Кавадарци, Кичево, Струмица Кратово, Гостивар како и препратени Барања од ЦПЗС при СОС Детско село и ЦПЗС-Битола. По однос на сите поднесени барања, Стручниот тим презеде конкретни дејствија за избор на згрижувачко семејство и притоа позитивно одговори на 14 барања и тоа на ЈУМЦСР Скопје, Тетово, Битола, Кратово, Гостивар, Куманово при што се сместени 15 корисника кои се под старателство на ЈУ МЦСР Скопје, Битола, Кратово, Гостивар, Куманово. При изборот на соодветно згрижувачко семејство, Стручниот тим соработуваше, се координираше (преку телефонска и лична комуникација) реализираше заеднички координативни средби со


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk
e-mail-zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

надлежните Центри за социјална работа за корисникот. Предизвик со кој се соочувавме при постапувањето на Барањата беше големиот-број на барања за специјализирано згрижување за деца како и лица со потешки форми на попреченост или други специфични развојни потреби, а за кои во моментов немаме слободни капацитети.

Стручниот тим од ЦПЗС Скопје, во изминатиот период ги реализираше редовните квартални посети во згрижувачките семејства, но исто така реализираше и низа на дополнителни ненајавени посети по претходно проценета состојба и утврдена потреба и тоа при процесот на следење на адаптација на корисник во семејството, увиди при проценка на подобноста на нови односно потенцијалните згрижувачки семејства, како и репроценка на веќе постоечките згрижувачки семејства како и интензивна поддршка поради кризна состојба во семејството. **Вкупниот број на реализирани посети за изминатиот квартален период е 235.** Увидите се реализирани во општините на Град Скопје, Куманово, Тетово, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Штип, Крива Паланка, Кратово, Кочани, Пехчево, Гостивар, Пробиштип-Злетово. Како дел од процесот на следење на квалитетот на грижа кон сместените корисници покрај кварталните посети во домот на згрижувачкото семејство, реализирани се и индивидуални средби како и средби во група, размена на информации со стручните служби од училиштата каде децата посетуваат настава како и предучилишните установи и слично.

Покрај постапувањата по нови Барања од потенцијалните згрижувачки семејства, Стручниот тим од ЦПЗС Скопје во континуитет постапува и по поднесените барања за репроценка односно годишна проверка на подобноста на веќе постоечките згрижувачки семејства и во изминатиот тримесечен период спроведе репроценка на подобноста на околу триесет и седум (37) општи и роднински згрижувачки семејства.

Комуникацијата со сите Центри за социјална работа се одвива во континуитет и најчесто се однесува на прашања за потреба од избор на згрижувачко семејство, за самите згрижувачки семејства и согледани состојби во врска со сместеното дете, деца

или лица, потреба за сместување или реинтеграција на дете/деца или лице и промена на формата на грижа воопшто.

Како Центар за поддршка на згрижувачки семејства во рамки на своите овластувања и надлежности својот фокус го ставаме на регрутирање и развивање на мрежата на згрижувачки семејства , но воедно и на јакнење на веќе постоечките згрижувачки семејства, насочени сме кон подигнување на квалитетот на грижа и тоа преку поставување на поголеми критериуми и барања до згрижувачките семејства. Во таа насока особено внимание стручните работници посветуваат на следење на квалитетот на грижа кон сместените корисници и напредокот на децата во згрижувачки семејства.

Особен предизвик за нас во континуитет преставуваат барањата за специјализирано згрижување. Имено, бројот на специјализирани згрижувачки семејства на ниво на целата држава е недоволен да одговори на потребите и барањата на центрите за социјална работа. Свесни сме за сето она кое следува во однос на очекуваните барања за откажување од грижа пред се поради возраста на самите згрижувачки семејства и нивната истрошеност кога станува збор за грижата на децата или лицата со попреченост . Но, сметаме дека проблем е и самиот факт што се помалку има заинтересирани згрижувачки семејства кои би се предодредиле да бидат специјализирани за деца/лица со попреченост, а како причина за тоа се и негативните искуства кои ги имаат веќе постоечките специјализирани згрижувачки семејства , а кои ги споделуваат проблемите со кои секојдневно се соочуваат пред се поради немањето на поддршка од здравствениот систем па и образовниот (мал број на образовни асистенти), немањето на доволно комисии за проценка на функционалноста на децата, чекањето на термини, скапата терапија и слично. Немањето на други алтернативни форми за деца со попреченост (кои би биле помош од времен карактер) преставува предизвик во ситуации кога во даден момент нема друга форма на заштита, па во таа насока би требало да се размислува за можноста од развивање на повеќе привремени


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk
e-mail-zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

алтернативни форми до изнаоѓање на адекватно специјализирано згрижувачко семејство.

Како резултат на многуте предизвици со кои се соочуваме како стручни работници, а пред се предизвиците со кои се соочуваат згрижувачките семејства доставена е информација од наша страна до в.д Директорот на Установата по што информацијата беше проследена по електронски пат до надлежните сектори при МСПДМ со цел нивно запознавање. Во информацијата се наведени конкретните предизвици. Имено, со цел обезбедување на децата, здрав и квалитетен живот, каде децата ги уживаат сите свои права но и ги исполнуваат сите обврски, и со тоа во ништо не се разликуваат од децата кои живеат со своите биолошки родители насочени сме кон помош и поддршка на згрижувачките семејства во ситуациите кога е потребно остварување на некое право. Од особено значење е правото на образование и здравствена заштита.

Во делот на правото на образование, можеме да констатираме дека децата се вклучуваат во редовен образовен процес, но, доколку немаат обезбеден ЕМБГ, посетуваат настава без да добијат свидетелство за завршено образование, и кое ќе им биде достапно тогаш кога детето ќе се стекне со ИМКР. Децата се запишуваат во училиште со потврда, која ја издава надлежниот ЦСР. Децата кои поседуваат привремен ИМКР и привремен матичен број се примаат и истите го посетуваат образованието на ист начин како и децата без матичен број односно извд на родени.

Но, искуството со здравствениот систем не е таков. Имено со стекнувањето на децата со привремени ЕМБГ (кои се составени од 13 броеви) тие неможат да остварат здравствена заштита поради тоа што електронскиот систем во ФЗО не препознава опција за привремен ЕМБГ или пак само датум на раѓање, како што тоа беше случај во минатото. Поради тој проблем многу од децата не се во можност да поминат низ процесот на МКФ (доколку има препорака), а со тоа да го оствари и правото на соодветно образование, во некои случаи децата без ЕМБГ не се имунизираат и слично.

Воедно, Известувањето добиено од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади со број 10-5562/1 од 28.07.2025 година, а кое се однесува на тоа


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25"....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk
e-mail-zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

дека е развиен web сервис за превземање на податоци од МСПДМ кон ФЗОМ за ослободување од партиципација за корисниците на правата од социјална и детска заштита односно дека повеќе не е потребно да Центрите издаваат потврди за ослободување од партиципација, Ве информираме дека од страна на повеќе згрижувачи добиена е информација дека им се бараат потврди особено при земањето на хронична терапија од аптеките како и при прегледи во некои од медицинските установи. Овие проблеми се клучни и негативно се одразуваат врз згрижувачките семејства и квалитетот на услугата која ја даваат и може да доведат до тоа тие да се откажуваат од понатамошна грижа кон ваквите корисници.

Како резултат на воспоставената соработка со СОС Детско село двајца стручни работника се вклучени во обука за PRIDE обучувачи, која ја организира СОС Детско село. Исто така, во рамките на социјална кампања која во континуитет ја спроведува СОС Детско село на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У Детски дом 11ти Октомври – Скопје, во текот на месец Септември беа регрутирани дванаесет (12) потенцијални односно заинтересирани згрижувачки семејства, и тоа единаесет (11) од Скопје и општините, Карпош, Центар, Кисела Вода, Ѓорче Петров, Шуто Оризари и едно (1) од Кочани. Од наша страна сите се контактирани и дадени им се првични информации за формата згрижување. Со дел од нив договорени се и лични средби во нашите простории.

Центарот за поддршка на згрижувачки семејства при ЈУ Детски дом 11ти Октомври, Скопје, Скопје во континуитет спроведува активности и превзема дејствија кои се во негова надлежност, а се со цел поддршка на постоечките но и на проценка на новите како и промовирање на формата - згрижување во згрижувачко семејство, во насока на развивање и зајакнување на мрежата на згрижувачки семејства.

Изработил,

Раководител, Ана Панчева

Центар за поддршка на згрижувачки семејства

ЈУ Детски дом 11ти Октомври-Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut ЈУ Детски дом "11 Октомври" - IP Shtëpia e Fëmijëve "11 Tetori" Скопје - Shkup


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk
e-mail-zgrizuvackisemejstva@mtsp.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

**КВАРТАЛЕН МАТЕРИЈАЛЕН ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ 2025 година**

Буџетските средства за потребите на Установата во основа се распределени според бројот на корисниците и во зависност од специфичните потреби и дејностиа на Установата.

Врз основ на критериумите од ова решение, за Установата е одобрен буџет на Раздел 15001 подпрограма 42 и потпрограма 46, по расходни ставки како во кварталниот извод - финансиски план на програмата 42 и 46, што е прилог и составен дел на Решението на Министерството за социјална политика демографија и млади.

Во текот на годината Министерството за социјална политика демографија и млади, може да изврши промена и усогласување на финансовите планови од ова решение во зависност од динамиката и реализацијата на буџетот.

Во кварталниот извод- финансов план за прв квартал за 2025 година се обезбедени средства за ЈУ Детски Дом „11 Октомври" по основ на потпрограма 42 и 46, вкупно 2.126.416, 00 денари.

Потрошени средства за прв квартал 2025 година програма 42 по расходни ставки изгледа:

- 420 Патни трошоци и дневни расходи 3.000,00
- 421 Комунални расходи 446.259,00
- 423 Материјали и ситен инвентар 24.368,00
- 424 Поправки и тековно одржување 12.519,00
- 425 Договорни услуги 618.892,00
- 426 Други расходи 9.439,00
- 464 Разни трансфери /

**ВКУПНО : 1.114.477,00**

Потрошени средства за прв квартал 2025 година програма 46 по расходни ставки изгледа:

- 420 Патни и дневни расходи /
- 421 Комунални расходи 127.246,00
- 423 Материјали и ситен инвентар 439.538,00
- 424 Поправки и тековно одржување 7.670,00
- 425 Договорни услуги 437.485,00
- 426 Други расходи /
- 464 Разни трансвери /

**ВКУПНО: 1.011.939,00**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври" - Skopje - Shkup

Елизабета Јаревска


Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје
Ул. „Васил Ѓоргов
бр.25
Република Северна Македонија

## ПРЕГЛЕД

**НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД 01.07-30.09.2025 ГОД. И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА С/КА-150010259360311
ПРИ ЈУ ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ" -СКОПЈЕ**

| 46 | АНАЛИТИЧКО | СИНТЕТИЧКО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 1 ПРИХОДИ | | | 5,644,257.00 |
| 741 - Трансфери од друхи нивоа на власт | | | |
| 741111 - Тековни трансф. Од други нивоа | | | |
| 2 РАСХОДИ | | | 5,644,257.00 |
| 401-Основни плати и надоместо | | 3,333,101.00 | |
| 401120 - Осн плати државни службеници | 2,780,549.00 | | |
| 401130 - Основни плати - други вработени | 294,152.00 | | |
| 401310-Персонален данок од плата | 258,400.00 | | |
| 401320 - Персонален данок од надоместоци | | | |
| 402-Придонеси за социј. осигурување од плата | | 1,299,217.00 | |
| 402110 - Осн.прид.за ПИО | 872,326.00 | | |
| 402210 - Основ.прид.за здрав. | 348,008.00 | | |
| 402220 - Осн.прид.за проф. заб. | 23,198.00 | | |
| 402310 - Основ.прид.за враб. | 55,685.00 | | |
| 404 - Надоместоци | | - | |
| 404110 - Надомест за годишен одмор | | | |
| 420-Патни и дневни расходи | | - | |
| 420110 - Патув.во земј.дневн. | | | |
| 420140 - Патув.во земј. - Споредни расходи | | | |
| 421-Комунални услуги | | 127,246.00 | |
| 421110 - Електрична енергија | 54,132.00 | | |
| 421120 - Водовод и канализација | 38,781.00 | | |
| 421130 - Ѓубретарина | | | |
| 421190 - Други комунални услуги | 1,251.00 | | |
| 421210 -Централно греење | 17,001.00 | | |
| 421310 - Пошта | 2,000.00 | | |
| 421320 - Телефон и телефакс | 12,081.00 | | |
| 421390 - Други трошоци за комуникација | - | | |
| 421410 - Гориво и масло | - | | |
| 421420 Регистрац.на возила | - | | |
| 421440 Транспорт на луѓе | 2,000.00 | | |
| 423- Ситен инвентар, алат и други матер. за попр. | | 439,538.00 | |
| 423110 - Канцелариски материјали | | | |
| 423120 - Списан. весн. и друго | | | |
| 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци | 357,625.00 | | |
| 423510 - Лекови | 18,498.00 | | |
| 423710 - Средства за одржување хигиена | 49,415.00 | | |
| 423720 - Материј.за разни поправки | | | |
| 423910 - Материјали за специјални намени | 14,000.00 | | |
| 423990 - Други материјали | | | |
| 424- Поправка и тековно одрж. | | 7,670.00 | |
| 424110 Сервисирање на возила | - | | |
| 424210 - Одржување на зграда | | | |
| 424230 - Дезинфекција дезинсек.дератизација | | | |
| 424420-Поправка и одрж. На софтвер | - | | |
| 424440 - Поправка и одр.на др.опрема | 7,670.00 | | |
| 425-Договорни услуги | | 437,485.00 | |
| 425130 - Изнајмување на друг тип на простор | 372,085.00 | | |
| 425310 - Правни услуги | | | |
| 425230 - Осигурување на вработени | - | | |
| 425250 - Осигурување на недвижности и права | - | | |
| 425260 - Осигурување на моторни возила | - | | |
| 425320- Судски вештачења | - | | |
| 425420-Примарна здравствена заштита | - | | |
| 425490- Други здравствени услуги | - | | |
| 425740 - Дополнителни активности | 65,400.00 | | |
| 425970-Консултантски услуги | - | | |
| 425990-Други договорни услуги | - | | |
| 426 - Други тековни расходи | | - | |
| 426210-Репрезентација | - | | |
| 426310-Семинари, советувања | - | | |
| 426410- Објавувања огласи | - | | |
| 426990 - Други оперативни расходи | - | | |
| 464 - Разни трансфери | | - | |
| 464940-Трансфери при пензионирање | | | |
| 464990- Разни трасфери | - | | |
| 480-Купување на опрема и машини | | - | |
| 480190- Купување на друга опрема | | | |

| РАСПРЕДЕЛБА | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 5,644,257.00 |
| Вкупни расходи | 5,644,257.00 |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври" - IP Shtëpia e fëmijëve „11 Tetori"
Скопје - Shkup

Изготвил
Елизабета Јаревска

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД 01.07-30.09.2025 ГОД. И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА С/КА-15001025936031 1
ПРИ ЈУ ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ" -СКОПЈЕ**

| 42+46 | АНАЛИТИЧКО | СИНТЕТИЧКО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **1 ПРИХОДИ** | | | 10,260,692.00 |
| 741 - Трансфери од друхи нивоа на власт | | | |
| 741111 - Тековни трансф. Од други нивоа | | | |
| **2 РАСХОДИ** | | | 10,260,692.00 |
| 401-Основни плати и надоместс | | 5,854,506.00 | |
| 401120 - Осно плати државни службеници | 4,395,158.00 | | |
| 401130 - Основни плати - други вработени | 1,009,126.00 | | |
| 401310-Персонален данок од плата | 450,222.00 | | |
| 401320 - Персонален данок од надоместоци | | | |
| 402-Придонеси за социј. осигурување од плата | | 2,279,770.00 | |
| 402110 - Осн.прид.за ПИО | 1,530,700.00 | | |
| 402210 - Основ.прид.за здрав. | 610,657.00 | | |
| 402220 - Осн.прид.за проф. заб. | 40,706.00 | | |
| 402310 - Основ.прид.за враб. | 97,707.00 | | |
| 404 - Надоместоци | | - | |
| 404110 - Надомест за годишен одмор | | | |
| 420-Патни и дневни расходи | | 3,000.00 | |
| 420120 - Патни расходи | 3,000.00 | | |
| 420140 - Патув.во земј. - Споредни расходи | | | |
| 421-Комунални услуги | | 573,505.00 | |
| 421110 - Електрична енергија | 149,567.00 | | |
| 421120 - Водовод и канализација | 46,058.00 | | |
| 421130 - Ѓубретарина | 61,256.00 | | |
| 421190 - Други комуналии | 1,251.00 | | |
| 421210 -Централно греење | 230,583.00 | | |
| 421310 - Пошта | 5,000.00 | | |
| 421320 - Телефон и телефакс | 66,643.00 | | |
| 421390 - Други трошоци за комуникација | | | |
| 421410 - Гориво и масло | 11,147.00 | | |
| 421420 Регистрац.на возила | | | |
| 421440 Транспорт на луѓе | 2,000.00 | | |
| 423- Ситен инвентар, алат и други матер. за попр. | | 463,906.00 | |
| 423110 - Канцелариски материјали | 24,368.00 | | |
| 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци | 357,625.00 | | |
| 423510 - Лекови | 18,498.00 | | |
| 423710 - Средства за одржување хигиена | 49,415.00 | | |
| 423720 - Матерij.за разни поправки | | | |
| 423910 - Материјали за специјални намени | 14,000.00 | | |
| 423990 - Други материјали | | | |
| 424- Поправка и тековно одрж. | | 20,189.00 | |
| 424110 Сервисирање на возила | | | |
| 424210 - Одржување на зграда | | | |
| 424230 - Дезинфекција дезинсек.дератизација | | | |
| 424420-Поправка и одрж. На софтвер | 12,519.00 | | |
| 424440 - Поправка и одр.на др.опрема | 7,670.00 | | |
| 425-Договорни услуги | | 1,056,377.00 | |
| 425130 - Изнајмување на друг тип на простор | 431,565.00 | | |
| 425210 - Банкарска провизија | 126.00 | | |
| 425230 - Осигурување на вработени | | | |
| 425250 - Осигурување на недвижности и права | | | |
| 425260 - Осигурување на моторни возила | 12,090.00 | | |
| 425310- Правни услуги | 177,000.00 | | |
| 425320- Судски вештачења | | | |
| 425420-Примарна здравствена заштита | | | |
| 425490- Други здравствени услуги | 29,650.00 | | |
| 425740 - Дополнителни активности | 65,400.00 | | |
| 425750-Вонучилишни активности | 183,540.00 | | |
| 425990-Други договорни услуги | 157,006.00 | | |
| 426 - Други тековни расходи | | 9,439.00 | |
| 426210-Репрезентација | 8,000.00 | | |
| 426310-Семинари, советувања | | | |
| 426410- Објавувања огласи | | | |
| 426990 - Други оперативни расходи | 1,439.00 | | |
| 464 - Разни трансфери | | - | |
| 464940-Трансфери при пензионирање | | | |
| 464990- Разни трасфери | | | |
| 480-Купување на опрема и машини | | - | |
| 480190- Купување на друга опрема | | | |

| РАСПРЕДЕЛБА | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 10,260,692.00 |
| Вкупни расходи | 10,260,692.00 |

Изготвил
Елизабета Јаревска

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД 01.07-30.09.2025 ГОД. И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА С/КА-150010259360311 ПРИ ЈУ ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ" -СКОПЈЕ**

| 42 | АНАЛИТИЧКО | СИНТЕТИЧКО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **1 ПРИХОДИ** | | | 4,616,435.00 |
| 741 - Трансфери од друхи нивоа на власт | | | |
| 741111 - Тековни трансф. Од други нивоа | | | |
| **2 РАСХОДИ** | | | 4,616,435.00 |
| 401-Основни плати и надоместс | | 2,521,405.00 | |
| 401120 - Основ плати државни службеници | 1,614,609.00 | | |
| 401130 - Основни плати - други вработени | 714,974.00 | | |
| 401310-Персонален данок од плата | 191,822.00 | | |
| 401320 - Персонален данок од надоместоци | | | |
| 402-Придонеси за социј. осигурување од плата | | 980,553.00 | |
| 402110 - Осн.прид.за ПИО | 658,374.00 | | |
| 402210 - Основ.прид.за здрав. | 262,649.00 | | |
| 402220 - Осн.прид.за проф. заб. | 17,508.00 | | |
| 402310 - Основ.прид.за враб. | 42,022.00 | | |
| 403110 - Фонд за води | | | |
| 404 - Надоместоци | | - | |
| 404110 - Надомест за годишен одмор | | | |
| 420-Патни и дневни расходи | | 3,000.00 | |
| 420120 - Патни расходи | 3,000.00 | | |
| 420140 - Патув.во земј. - Споредни расходи | | | |
| 421-Комунални услуги | | 446,259.00 | |
| 421110 - Електрична енергија | 95,435.00 | | |
| 421120 - Водовод и канализација | 7,277.00 | | |
| 421130 - Ѓубретарина | 61,256.00 | | |
| 421210 -Централно греење | 213,582.00 | | |
| 421310 - Пошта | 3,000.00 | | |
| 421320 - Телефон и телефакс | 54,562.00 | | |
| 421390 - Други трошоци за комуникација | | | |
| 421410 - Гориво и масло | 11,147.00 | | |
| 421420 Регистрац.на возила | | | |
| 421440 Транспорт на луѓе | | | |
| 423- Ситен инвентар, алат и други матер. за попр. | | 24,368.00 | |
| 423110 - Канцелариски материјали | 24,368.00 | | |
| 423120 - Списан. весн. и друго | | | |
| 423510 - Лекови | | | |
| 423710 - Средства за одржување хигиена | | | |
| 423720 - Материј.за разни поправки | | | |
| 423910 - Материјали за специјални намени | | | |
| 423990 - Други материјали | | | |
| 424- Поправка и тековно одрж. | | 12,519.00 | |
| 424110 Сервисирање на возила | | | |
| 424210 - Одржување на зграда | | | |
| 424230 - Дезинфекција дезинсек.дератизација | | | |
| 424420-Поправка и одрж. На софтвер | 12,519.00 | | |
| 424440 - Поправка и одр.на др.опрема | - | | |
| 425-Договорни услуги | | 618,892.00 | |
| 425130 - Изнајмување на друг тип на простор | 59,480.00 | | |
| 425210 - Банкарска провизија | 126.00 | | |
| 425230 - Осигурување на вработени | | | |
| 425250 - Осигурување на недвижности и права | | | |
| 425260 - Осигурување на моторни возила | 12,090.00 | | |
| 425310- Правни услуги | 177,000.00 | | |
| 425320- Судски вештачења | | | |
| 425420-Примарна здравствена заштита | | | |
| 425490- Други здравствени услуги | 29,650.00 | | |
| 4257500-Вонучилишни активности | 183,540.00 | | |
| 425990-Други договорни услуги | 157,006.00 | | |
| 426 - Други тековни расходи | | 9,439.00 | |
| 426210-Репрезентација | 8,000.00 | | |
| 426310-Семинари, советувања | | | |
| 426410- Објавувања огласи | | | |
| 426990 - Други оперативни расходи | 1,439.00 | | |
| 464 - Разни трансфери | | - | |
| 464940-Трансфери при пензионирање | | | |
| 464990- Разни трасфери | | | |
| 480-Купување на опрема и машини | | - | |
| 480190- Купување на друга опрема | | | |

| РАСПРЕДЕЛБА | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 4,616,435.00 |
| Вкупни расходи | 4,616,435.00 |

Изготвил
Елизабета Јаревска

ЈУ Детски дом „11 Октомври" - IP Shtëpia e fëmijëve „11 Tetori" * Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut * Скопје - Shkup

# Тримесечен извештај за период од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година од правникот на Установата

Во извештајниот период се извршуваа работите од својот делокруг, редовно и навремено.

1. Во овој период поднесени се Барања за согласност и продолжување на согласност за обезбедување на финансиски средства за итни и неодложни вработувања;
2. Изготвени се Решенија за годишни одмори и Решенија за слободни денови од оценување;
3. Извештај за реализација на годишен план за вработување до МСПДМ и МИА на ден 04.07.2025 година;
4. Изготвени разни потврди и полномоштва ;
5. Обрасци за ажурирање на вработените;
6. Разни известувања за вработените;
7. Задолженија за вработените;
8. Изготвени нови решенија за пресметка на плата;
9. Решенија за задолжувања;
10. Решенија за престанок на задолженија;
11. Решенија за распоредувања;
12. Изготвени решенија за годишен одмор по новиот колективен договор
13. Барања за јубилејна награда за вработени кои го исполнуваат условот со работен стаж;
14. Изготвени се Договори за дела/извршување на интелектуална работа;
15. Прекинување на договор на дело за правник на 20.07.2025 година поради добивање работен однос на неопределено време во друга институција;
16. Доставување известување до Државен инспекторат за работа во недели на 01.07.2025 година;


Јавна установа Детски дом 11 Октомври Скопје Institucioni Publik shtëpia e fëmijëve 11 tetor Shkup
Ул. „Васил Ѓоргов 25
Република Северна Македонија
Rr.Vasil Gorgov 25
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk

17. Изготвени Анекси на договори;
18. Записници за донација;
19. Пополнување обрасци и праќање до Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија за Статистичко истражување за индекс на цена на трудот;
20. Остварува редовни контакти со другите вработени и со други институции во доменот на својата работа;
21. Годишен план за вработување, дополнување и корекција за 2026 година;
22. Нормативни-правни и други административни работи.

Архивското работење се извршуваше редовно и навремено согласно законските прописи.

**Кадрова екипираност -** Во овој квартален период на еден од вработените му престана работниот однос поради спогодбен прекин на работниот однос (по барање на вработениот). Во овој квартален период продолжија да се склучуваат договори за дело/договори за извршување на интелектуална работа со двајца извршители – социјален работник и економист. Вкупниот број на вработени на неопределено време е 45 извршители.

**Дисциплински постапки** – во овој период имаше неколку писмени и усни опомени.

**Донации-** Во овој квартален период, редовно записнички се примаат донациите и истите се доставуваат во најбрз можен рок до ресорното Министерство за социјална политика, демографија и млади.

**Сфера на управување на Установата-** Во сферата на управување на Установата има Управен одбор и Орган за надзор за кои беа свикани седници на ден 22.07.2025 година и 30.07.2025 година, каде беа донесени решенија за разрешување, решенија за распоредување на работни места, решение за пресметка на плата за В.Д. Директорот, решение за именување на член на УО од редот на корисници Зора Јачова, обврски за корисниците за камп приколките за Градиште, и за истите беше доставено известување до Министерство за социјална политика, демографија и млади.


Јавна установа Детски дом 11 Октомври Скопје Institucioni Publik shtëpia e fëmijëve 11 tetor Shkup
Ул. „Васил Ѓоргов 25
Република Северна Македонија
Rr.Vasil Gorgov 25
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk

**Забелешка:** Поради прекинување на договор на дело за правник на 20.07.2025 година и добивање работен однос на неопределено време во друга институција, работните обврски за правник ги извршува долу потпишаните вработени.

Архивар: Александра Стојаноска Теишеира

Архивар: Билјана Аневска

Раководител во ЦПЗС:Ана Панчева

Republika e Maqedonisë së Veriut · ЈУ Детски дом „11 Октомври" · IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori" · Скопје - Shkup


Јавна установа Детски дом 11 Октомври Скопје Institucioni Publik shtëpia e fëmijëve 11 tetor Shkup
Ул. „Васил Ѓоргов 25
Република Северна Македонија
Rr.Vasil Gorgov 25
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk